Бр./Nr 12-1164/6
17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-тата седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1164/1 од 19.03.2024 година, оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, поради промена на околностите заради кои ДКСК оцени дека постојат услови да биде оформен предмет по сопствена иницијатива.

Предметот со број 12-1164/1 од 19.03.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

По донесен заклучок на колегиум на ДКСК одржан на 18.03.2024 година, ДКСК оформи предмет со број 12-1164/1 од 19.03.2024 година, по сопствена иницијатива – по допрен глас, врз основа на сознанија содржани во објава на медиумот /// од 08.03.2024 година, за набавка на /// од страна на Министерството за /// по цена на набавка во износ од /// евра по ///, во која објава е обелоденето и дека во постапка спроведена од страна на /// речиси исти /// неодамна биле набавени по многу пониска цена од /// евра по ///, за потребите на ///.

Заради утврдување на фактичката состојба, ДКСК постапи согласно своите законски надлежности во насока на прибирање на релевантни податоци, информации и документација. Имено, ДКСК достави барања за прибирање на податоци и информации до Министерството за /// и до Бирото за јавни набавки.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на добиените податоци, информации и документација, ДКСК утврди дека врз основа на Одлука за отпочнување на постапка за јавна набавка на /// бр./// од /// година, Министерството за /// започнало отворена постапка за јавна набавка на /// - /// со надоградена /// опрема за потребите на /// во Република Северна Македонија, за која на ЕСЈН на /// година бил објавен оглас бр.///.

Видно од Записникот од отворањето на понудите од /// година, во постапката за јавна набавка биле доставени понуди од страна на два економски оператора: /// и ///.

Врз основа на Извештај на надворешни стручни лица ангажирани во работата на комисијата во врска со техничките, финансиските и другите работи при евалуација на понудите (бр./// од /// година), и врз основа на Извештај од спроведената постапка на Комисијата за јавни набавки (бр./// од /// година) со содржан предлог за избор на понудата на економскиот оператор /// во износ од /// денари со вклучен ДДВ, од страна на министерот за /// била донесена Одлука за избор на најповолна понуда (бр./// од /// година), на понудата на понудувачот /// во износ од /// денари со вклучен ДДВ, за вкупно 22 /// од моделот ///, за ///.

Против Одлуката за избор на најповолна понуда (бр./// од /// година) од страна на економскиот оператор чија понуда не била избрана како најповолна била изјавена Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која одлучувајќи по Жалбата на ///та седница одржана на /// година донела Решение со кое Жалбата била одбиена поради неоснованост.

Врз основа на членот 172 став 3 од Законот за јавните набавки, над постапката за јавна набавка на /// - /// со надоградена /// опрема за потребите на /// во Република Северна Македонија спроведена по огласот со број ///, од страна на Бирото за јавни набавки била извршена управна контрола, по која во Записник од /// година Бирото утврдило дека во предметната постапка не се направени неправилности кои би влијаеле врз исходот на постапката за јавна набавка, при што било констатирано дека договорниот орган може да продолжи со постапката согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

На ден /// година од страна на министерот за /// е донесена Одлука бр./// од /// година, за поништување на постапката за јавна набавка на /// - /// со надоградена /// опрема за потребите на /// во Република Северна Македонија спроведена по огласот со број ///, врз основа на член 114 став 1 алинеја 7 од Законот за јавните набавки, поради промена на потребите на договорниот орган заради непредвидени и објективни околности. Во посочената Одлука е наведено дека не се врши избор и дека постапката се поништува, и дека Одлуката за избор на најповолна понуда (бр./// од /// година) се става вон сила. Како образложение на Одлуката за поништување на постапката, наведено е дека потребата за набавка на /// со надоградена /// опрема за потребите на /// во Република Северна Македонија била утврдена во 2023 година и

дека имајќи го предвид подолгиот временски период од утврдувањето на потребите за спроведување на предметната набавка и променетите потреби на договорниот орган согласно актуелната /// состојба во државата, било одлучено како во диспозитивот на Одлуката.

ДКСК цени дека со донесувањето на Одлуката бр./// од /// година, за поништување на постапката за јавна набавка на /// - /// со надоградена /// опрема за потребите на /// во Република Северна Македонија спроведена по огласот со број /// настапила промена на околностите  заради кои ДКСК оцени дека постојат услови да оформи предмет по сопствена иницијатива и да преземе дејствија во насока на целосно утврдување на фактичката состојба согласно нејзините надлежности утврдени со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, поради настапување на промена на околностите заради кои ДКСК оцени дека постојат услови да биде оформен предмет по сопствена иницијатива.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: З.Б., член на ДКСК